# СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈНА ГРАД СКОПЈЕ,

# СО АКЦИОНЕН ПЛАН

# ЗА ПЕРИОД 2018-2021



Скопје

Јули, 2018

**Содржина**

Вовед

**1. Концепт и методологија** 5

1.1 Анализа на состојба 8

1.2 Дефинирање на приоритети, стратешки цели и мерки 9

1.3 Следење на статусот на остварување на Стратегијата и акциониот план 11

1.4 Учесници во процесот 11

**2. Принципи за развој на град Скопје** 12

**3. Основни активности на процесот на изготвување на Стратегијата и Акциониот план** 13

**4.Преглед на реализирани поважни активности** 14

**5. Постојна состојба на локалниот економски развој на градот Скопје** 16

5.1Единици на локална самоуправа 17

5.2 Бизнис демографија и бизнис динамика 18

5.3 SWOT анализа 19

**6. Визија, мисија и стратешки цели** 24

6.1 Визија 24

6.2 Мисија на Стратегијата 25

6.3 Стратешки цели: 25

**7. Стратешки цели** 25

7.1 Паметен град – модернизација на градот 26

7.1.1 Паметен јавен превоз 26

7.1.2 Паметно улично осветлување 27

7.1.3 Паметно следење на квалитетот на воздухот 28

7.1.4 Паметно управување со отпад 28

7.1.5 Паметно решение за јавна безбедност 29

7.1.6 Паметно управување со сообраќај 29

7.1.7 Паметен паркинг 30

7.1.8 Паметно полнење на електрични возила 31

7.1.9 Паметно решение за изнајмување велосипеди 31

7.1.10 Паметно управување со кризи 31

7.1.11 Паметна Градска контролна табла 32

7.2 Поттикнување на развојот на МСП и претприемништвото ........ 33
7.3 Поволно деловно опкружување ........ 34
7.4 Подобрување на просторни квалитети и функции на градот ........ 35
7.5 Подобрување на квалитетот на животот на граѓаните ........ 37
7.6 Енергетика и енергетска ефикасност ........ 38
7.7 Заштита на животната средина и природата ........ 38
**8. Имплементација, контрола, корективни мерки и ревизија на Стратегијата .... 41**
**9. Акционен план ........ 43**
Прилог 1 – Учесници во проектот ........ 239
**Завршни одредби ........ 242**

# Вовед

Градот Скопје е најголемиот административен, културен, економски, спортски и урбан центар во Република Македонија и како таков овозможува целокупен општествен,економски и социјален развој и подобрен современ животен стил и стандард на неговите граѓани. Имајќи ја предвид важноста на градот Скопје, како главен град на државата, како и неговата организациска поставеност, се пристапува кон изработка на Стратегија за локален економски развој за периодот 2018-2021 год. која е неопходна алатка за економскиот развој на градот, а воедно и на целата држава.  Целта е подобрување на квалитетите на градот Скопје и приближување на Р.Македонија кон Европската Унија. Покрај економскиот развој, за жителите на градот Скопје, од особено значење е развојот и на другите области од надлежност на градот, а што го прават градот да биде функционално, ефикасно, ефективно и модерно место за живеење.Локалниот економски развој е процес со кој локалните власти управуваат ефективно и ефикасно со расположивите ресурси и создаваат услови да се стимулира економската активност и да се отворат нови работни места.

Процесот на стратешкото планирање помага да се предвиди развојот на град Скопје и на општините во градот во иднина.Се фокусира врз прашањата од критично значење, можностите и проблемите пред кои е исправенградот и единиците на локалната самоуправа. Дава можност за пореално согледување на секојдневните проблеми и помага да се откријат и да се изнајдат вистинските решенија.

Се определуваат приоритетите и целите кои се сметаат за најважни, се дефинираат програми, проекти и активности преку кои се остваруваат дефинираните приоритети.

Сето тоа се прави со цел да се постигне визијата за иднината на градот. Стратешкото планирање е континуиран процес и служи за одредување на приоритетите за развој на Градот Скопје. Тоа е проактивен процес низ кој Градот Скопје сака да се подготви но и да ја обликува својата иднина, посветувајќи се на критичните стратешки прашања и активности со највисок приоритет.

Секторот за локален економски развој ги врши работите на планирање на локалниот економски развој, предлага развојни и структурни приоритети на ниво на Градот Скопје, предлага мерки и активности за водење на локалната економска политика и развојот на малите и средни претпријатија и претприемништвото, се грижи за развојот и исполнувањето на законските

обврски од надлежност на Градот Скопје во сферата на занаетчиството, угостителството, туризмот и трговијата, предлага мерки за развој и поттикнување алтернативен и културен туризам, предлага мерки за подобрување на условите за престој на туристите во Градот Скопје и туристичко пропагандно информирање, ја координира својата работа со другите сектори во рамки на градската администрација.

Стратешкото планирање е процес во кој се определуваат приоритетите и целите кои се сметаат за најважни, при што се дефинираат проекти и активности преку кои се остваруваат дефинираните приоритети и се утврдуваат потребните средства за реализација на приоритетите преку буџетскиот процес. На тој начин се реализира визијата за иднината на градот.

Визијата за град Скопје е насочена кон конструирање на просперитетени отворен град, еднаков за сите, град промотор на бизнисот и посакуван град за инвестирање со поволно деловно опкружување.Град со одржлива економија заснована на знаење, иновации и висококвалификувана работна сила.Град со инфраструктура и градби адаптирани на потребите на граѓаните, со квалитетни услуги за граѓаните што ќе го вбројат Скопје во редот на европски метрополи и паметни градови.

На тој начин,градот Скопје ќе биде инклузивен, модерен, просперитетен, силен општествен и економски центар и социјална заедница со подобрен животен стандард за сегашните и идните генерации.

# 1. Концепт и методологија

Методологијата ги дефинира фазите и постапките во процесот за изработка на Стратегијата за локален економски развој на град Скопје.

Ги вклучува временските рамки за остварување на конкретните мерки и активности и ја предвидува динамиката на активностите преку кои се обезбедува остварувањето на стратешките приоритети.

➢ Стратегијата за локален економски развој на Град Скопје со Акционен план за периодот 2018-2021 год. се заснова на следните активности:

- **Анализа на постојната состојба** со претставници од единиците на локалната самоуправа на територијата на град Скопје, коморите и другите институции за поддршка на МСП, со претставници од невладиниот и

бизнис секторот, со цел утврдување на степенот на реализација на досегашната стратегија, со преглед на планирани и реализирани средства. Анализата на постојната состојба се спроведе преку:

- ***Анкета***;
- ***Анкетни прашалници***;
- ***Интервјуа и директни работни средби*** со одредени релевантни претставници;
- ***Компаративна анализа*** на програмите (2014-2017) со реализираните проекти,приоритети,стратешки цели и мерки.

➢ **Нормативна рамка** – акти врз основа на кои е изработена Стратегијата за ЛЕР на Градот Скопје 2018-2021 година:

- Изборна програма на Градоначалникот на Град Скопје,
- Проблеми и состојби идентификувани во тек на анализа на постојната состојба во областите од надлежност на Град Скопје,
- Програми на секторите усвоени од страна на Совет на Град Скопје за 2018 година,
- Стратешки планови и документи на Град Скопје за планскиот период, за дејности од интерес на градот ( Стратегија за култура, Стратегија за млади, Стратегија за МСП, Стратегија за образование, Стратегија за туризам, Стратегија за енергетска ефикасност и др).
- Закон за Град Скопје
- Закон за локална самоуправа
- Закон за социјална заштита
- Закон за животна средина
- Национална стратегија за одржлив развој во Република Македонија 2009-2030
- Стратегиски план за регионален развој на локалната самоуправа
- Европска стратегија за економски раст - Европа 2020
- Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) 2017 – 2019
- Програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2018 година
- Стратешки план 2016-2018
- Стратегија за млади на Град Скопје 2014 – 2018
- Национална програма за развој на социјалната заштита 2011-2021
- Национална стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност 2010-2018

- индустриска политика на Република Македонија 2009-2020
- Предлог на Стратегија за управување со отпад на Република Македонија (2008 – 2020 година)
- Национална Стратегија за вработување на Република Македонија 2016-2020
- Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во РЕпублика Македонија (2010-2020)
- Стратегија за искористувањето на обновливите извори на енергија ВО Република Македонија до 2020 година
- Национална стратегија за стари ЛИЦА 2010 – 2020
- Стратегија за регионален развој на Република Македонија 2009-2019 година
- European Commission action plan for 5G – 2025

➢ **Прибирање и анализа на предлози за локалниот економски развој на Град Скопје** – преку вклученост на сите реалевантни засегнати страни, со цел квалитетна изработка на стратегијата и акцискиот план, за што е неопходно е да се обезбеди посветеност на сите партнери-учесници во процесот. Соработката со инволвираните партнери – учесници, се оствaруваше преку организирање на работни состаноци, средби и работнилници со цел добивање на потребните информации и предлози за дефинирање на развојните потреби и развојните потенцијали за локалниот економски развој.

➢ **Следење на статусот на остварување на Стратегијата и Акциониот план**, односно реализацијата на планираните проекти во однос на предвидената динамика. Од особено значење на следење на прогресот кон остварување на планираните активности е добивање навремена повратна информација на одговорните за реализација на акциониот план и потребите за евентуални прилагодувања и промени на Стратегијата и Акциониот план.

Реализацијата на стратегијата и акциониот план ќе се засноваат на моделот на долготрајна соработка, во кој се координираат ресурсите на сите партнери и ресурсите на Град Скопје. Ова треба да резултира со континуиранотоподобрување на резултатите во локалниот економски развој на градот.

Во продолжение е даден шематски приказ на методологијата и постапката за изработка на Стратегијата и Акциониот план за ЛЕР.




- Анализата треба да даде детална слика на состојбата на локалниот економски развој и да ги постави темелите за длабинско разбирање на постојната состојба како и динамиката на локалниот развој врзано за демографијата, општествените фактори, природните ресурси, расположливоста на инфраструктурата, квалитетот и заштитата на животната средина.
- Анализата содржи квантитативни и квалитативни податоци и параметри од соодветните бази на информации (пр.Стопанските комори, ССК, Државен завод за статистика, министерства, единици на локалната самоуправа итн).
- Од квалитетот на влезните податоци ќе зависи и квалитетот на оценката на состојбата за развојот на МСП, што е основа за утврдувањето на визијата, целите, приоритетите и мерките.
- Од самата анализа се согледуваат и утврдуваат:
    - Позитивните и негативните обележја;
    - Развојните проблеми и развојните потреби;
    - Индикаторите за потребен понатамошен развој.

Анализата на податоците е биде насочена кон оние сектори кои се утврдени како проблематични или потенцијални за развој.

## 1.2 Дефинирање на приоритети, стратешки цели и мерки

### Визија

Визијата е јасна и прецизно определена идеја за посакуваните промени за локалниот економски развој на градот. Таа е општо формулирана и не е специфично конкретизирана за одделен сектор, туку упатува на општиот напредок кој треба да биде постигнат.




### SWOT анализа и дефинирање на развојните потреби и потенцијали

- **Целта на SWOT анализата** е да се појасни конкретната состојба преку детално утврдување на силните и слабите страни како и можностите и заканите за понатамошен развој.
- **Слабостите и заканите** се анализираат во контекст на развојните потреби, а **предностите и можностите** во контекст на развојните потенцијали.
- **Предности** – се секторите, ресурсите и капацитетите на ЕЛС[1] со најголеми можности за успех.

[1]Единици на локална самоуправа

- **Слабости** – се секторите, ресурсите и капацитетите кои го ограничуваат или оневозможуваат развојот на ЕЛС.
- **Можности** – се секторите, ресурсите и капацитетите надвор од ентитетот, кои би можело да се искористат за развој на ЕЛС (унапредување и усовршување на предностите и/или намалување на слабостите).
- **Закани**- се секторите, ресурсите и капацитетите надвор од ентитетот кои можат да го загрозат развојот на ЕЛС (преку намалување на предностите и/или потенцирање и зголемување на слабостите).

**Стратешки цели**

Како резултат на анализата на состојбата се дефинираа седум клучни аспекти (столбови), од кои произлегоа следниве стратешки цели:

1. **Паметен град – модернизација на градот**
2. **Поттикнување на развојот на МСП и претприемништвото**
3. **Поволно деловно опкружување**
4. **Подобрување на просторни квалитети и функции на градот**
5. **Подобрување на квалитетот на животот и животниот стандард на граѓаните**
6. **Енергетика и енергетска ефикасност**
7. **Заштита на животната средина и природата**

**Мерки**

За секоја од стратешките цели беа разработени конкретни мерки, активности и проекти преку чија релизација треба да се остварат стратешките цели.

**Утврдување на приоритетноста на предложените проекти**

По дефинирањето на предлог проектите за секоја од стратешките цели, се пристапи кон утврдување на приоритетноста на мерките и проектите, на кои Стратегијата треба да се фокусира.

Утврдувањето на приоритетите се спроведе преку оценување на дефинираните мерки/ проекти од страна на учесниците на организираните работилници, во однос на следниве три аспекти:

1. Релевантност/ оправданост на мерката/ проектот

2. Приоритет на мерката/ проектот
3. Остварливост (можности) и Предуслови за реализирање на мерката/ проектот

Преку сумирање на оценката во однос на првите три аспекти се доби финална оценка за приоритетноста за конкретните мерки/ проекти.

На тој начин беа утврдени приоритетни мерки и проекти на кои треба да се фокусира Стратегијата, кои пред сè, се поделени на неколку области во рамки на Акциониот план, и тоа:

- Проекти од стратешко значење за развојот на град Скопје
- Животна средина
- Просторно планирање и урбанизам
- Сообраќај
- Енергетска ефикасност
- Комунални работи
- Туризам
- Занаетчиство
- Образование
- Култура
- ИТ и модернизација

## 1.3 Следење на статусот на остварување на Стратегијата и акциониот план

Следењето на статусот на остварување на стратегијата и акциониот план ќе се реализира преку јасно определени и дефинирани улоги и одговорности на носителите и корисниците на конкретните мерки и активности, како и нивната обврска за давање на навремена повратна информација на одговорните за реализација на дефинираните активности и проекти, како и потребите за евентуални прилагодувања и промени на Стратегијата и Акциониот план.

## 1.4 Учесници во процесот

Носител на процесот на изготвување и реализација на Стратегијата и Акциониот план за локален економски развој за периодот 2018-2021 година, е Градот Скопје, односно Секторот за локален економски развој на Град Скопје, со поддршка на компанијата Евросимовски Консалтинг.

Активно вклучени учесници при изработка на Стратегијата и Акциониот план беа назначените претставници од следниве институции:

- Град Скопје (релевантните сектори)
- Општини во Град Скопје
- Здруженија, асоцијации на МСП и, Занаетчиски и Стопански комори
- Навладини организации
- Министерства и други јавни институции

Листата на учесници е дадена во Прилог 1.

## 2. Принципи за развој на град Скопје

Долгорочно одржливиот развој на град Скопје треба да се концентрира на :

1. **Одржлив раст** - Подигнување на нивото на конкурентност во јавниот и во приватниот сектор, развој на инфраструктурата, еколошки и енергетски-ефикасен пристап, развивање и унапредување на техничките, организациските и човечките капацитети на институциите во областа на локалниот економски развој.
2. **Принцип на добро владеење и управување -** Зголемување и подобрување на капацитетот на јавната администрација , овозможување на владеењето на правото, намалување на корупцијата и партизацијата и создавање услови за поволна клима и опкружување кое ја поттикнува ефективноста и ефикасноста во работењето на бизнисите и обезбедува јавни услуги кои се неопходни за целокупниот развој.
3. **Инклузивен раст-** Акцентирање на потребата од зголемен развој на вештини, вработувања и самовработувања, инклузивно учество на пазарот на работна сила -
4. **Интеграција имеѓусебна соработка** - модел на континуирана соработка, во кој се координираат ресурсите на сите партнери и ресурсите на Град Скопје. Ова треба да резултира со континуирано подобрување на резултатите во севкупниот **економски,социјален и општествен развој**.

Како принцип треба да биде имплементиран на два начина:

- интеграција на заедничките локални потреби, постигната преку активно учество на сите локални и регионални актери и
- интеграција на плановите за развој на секторите кои меѓусебно треба да се поддржуваат, со цел обезбедување на компатибилност и

усогласеност на активностите за реализација на идентификуваните мерки.

5. **Квалитет** –треба да биде постигнат преку добро направената идентификација на социо-економската ситуација, добро дефинираните компаративни предности, како и селектирани можности и подрачјата на интервенција.
6. **Иновативности зголемена конкурентна способност -** конкурентност на додадената вредност, а не на ниска цената на работната сила. Како принцип е од особено значење за одржливиот развој на градот, наоѓа своја примена во утврдувањето и дефинирањето на проектите, како и во делот на можните форми на ефикасно користење на расположливите ресурси за реализација на проектите.
7. **Економско мрежно поврзување** Промовирање на инвестициите и мрежно поврзување со регионалната и европска економија.

## 3. Основни активности на процесот на изготвување на Стратегијата и Акциониот план

Во текот на изработката на Стратегијата за ЛЕР на Градот Скопје за периодот 2018-2021 година се консултираа организациските единици во Градот за тие да го дадат соодветниот придонес во креирањето на Стратегијата. Партиципативноста и учеството на сите заинтересирани страни во процесот на планирањето придонесе за да оваа Стратегија ги земе предвид приоритетите, целите, програмите, проектите и активностите на заинтересираните страни, како и искуствата од нивното остварување.

Појдовна основа при подготовката на Стратегијата беше проучувањето на програмските документи,стратегиите на општините/секторите,програмите, како и разговорот и комуникацијата со надлежните луѓе во градот за тоа како тие се остваруваат и кои се видувањата за нивното спроведување во иднина. Таа комуникација беше обезбедена преку подготвени и доставени анкетни прашалници до надлежните и одговорни лица од општините/секторите/бизнис секторот, стопанските и занаетчиската комора и НВО секторот, потоа преку разговори со надлежните од Градот, членови на работната група формирана од Градот за подготвување на Стратегијата за ЛЕР 2018-2021 година, сè со цел согледување на начинот на кој се остварувани досегашно поставените цели, програми и активности од одделните стратегии за комплетирање на анализата на постојната состојба. Потоа беа организирани работилици на кои се утврдија приоритетите и целите, програмите, проектите и активностите дефинирани во Стратегијата.

# 4.Преглед на реализирани поважни активности

За изработка на Стратегија за локален економски развој на Град Скопје, со Акционен план, за периодот 2018-2021 година, во периодот од февруари до јули 2018 година се реализирани следниве активности:

1. Потпишување на договор помеѓу Град Скопје и изведувачот на проектот ЕВРОСИМОВСКИ Консалтинг и започнување со изготвување на Стратегијата

2. Дефинирање и усогласување на методологија и концепт со предлог на активности и временска рамка за реализација на проектот.
   Методологијата ги дефинираше фазите и постапките во процесот за изработка на Стратегија за локален економски развој на Град Скопје, со Акционен план, за периодот 2018-2021 година. Беа дефинирани временски рамки за остварување на конкретните мерки и активности преку кои се обезбедува остварувањето на стратешките приоритети.

3. Реализирање на воведна презентација и работилница за SWOT анализа во Град Скопје.

4. Анализа на постојните стратешки документи и закони релевантни за локалниот економски развој.
   Ревизија на постојната Стратегија со анализа на степенот на реализација на Стратегијата, преглед на планирани и реализирани средства и давање коментари и заклучоци.

5. Подготовка и доставување на Прашалник за анализа на мислењата за изготвување на Стратегија за локален економски развој на Град Скопје, со Акционен план, за периодот 2018-2021 година

   Одговорите на анкетниот прашалник и предлозите искажани преку пополнетиот прашалник се составен дел од предложените проекти во Стратегијата за следниот четиригодишен период 2018-2021 год.
   Беа опфатени прашања во врска со:
   - постојната состојба на градот Скопје (со кои предизвици и проблеми се соочуваат единиците на локалната самоуправа, потреби на единиците на локалната самоуправа и МСП)
   - предлози за подобрување на деловното окружување за севкупен економски развој на градот и на единиците на локалната самоуправа

и можниот пристап до извори за финансирање за потребите за унапредување и развој
- идеи и предлози за поттикнување и подобрување на соработката меѓу општините и Градот Скопје
- идеи и предлози за поттикнување на локалниот економски развој (интегрирање на економски и социјални цели, решавање на социјалните и еколошките предизвици за зајакнување на инклузивниот раст)
- Планирани проекти кои се од значење за локалниот економски развој
- Развојни потреби (потреби на единиците на локалната самоуправа за понатамошен развој и унапредување во нивното работење)
- Развојни потенцијали (потенцијали и можности кои постојат и кои треба да се потенцираат и реализираат)

Прашалникот беше доставен до:

- Членови на работната група од Град Скопје
- Сектори во Град Скопје
- До сите општини на Град Скопје (10)
- Сојузот на Стопански Комори и Стопанската Комора, а преку нив до членките комори и претставници на бизнис секторот, согласно соодветна селекција на коморите
- Занаетчиска комора
- Министерство за Економија
- Министерства и институции
- Невладин Сектор (минимум 10 НВО)

Постапката за доставување на прашалникот беше повторена во месец јуни со цел да се добие оптимален број на целосно пополнети прашалници.

6. Анализа на постојната состојба во делот на локалниот економски развој на Град Скопје.

7. Одржување на дводневната работилница 28-29 Мај, Велесза изработка на Стратегијата за локален економски развој на Град Скопје.
   Беше организиран (модериран) семинар за дефинирање на визијата, мисијата и стратешките цели како и дефинирање и разработка на проектите, согласно стратешките приоритети.

8. Анализа на добиените одговори, мислења, предлози и идеи за проекти добиени од сите вклучени страни.

9. Нацрт стратегија – драфт

10. Очекување на забелешки

11. Вградување на забелешки и конечна верзија

# 5. Постојна состојба на локалниот економски развој на градот Скопје

Со цел да се добие реална слика за постојната состојба во делот на локалниот економски развој во Градот Скопје, се анализираа податоците од релевантните документи и стратегии кои се однесуваат на Република Македонија, дополнети со одредени статистички податоци за деловното опкружување и состојбата на малите и средни претрпијатија, животниот стандард на граѓаните, просторните квалитети и функции на градот и слични сегменти, како и сознанија добиени од истражувања направени посебно за потребните за изготвување на оваа Стратегија, а се однесуваат на целокупната состојба за можен и потенцијален развој во градот Скопје. Приказот на постојната состојба се базира на табеларен приказ за степенот на реализација на претходната Стратегија за локален екоономски развој на градот Скопје, за период 2014-2017 год,потоа преку анализа на мислењата и податоците добиени при комуникација со заинтересираните страни како претставници членови на работната група за изготвување на оваа Стратегија; резултати од одржаните работилници со претставници од сите општини во Градот Скопје, јавниот и приватниот сектор и стопанските комори.

Како појдовна основа при анализа на постојната состојба, е ревизијата на постојната Стратегија, со цел да се утврди степенот на реализација на досегашната Стратегија 2014-2017 и да се утврди реалната потреба на локалната заедница.

| Преглед на степен на реализација на Стратегијата за ЛЕР2014-2017 год. | |
|---|---|
| Континуирано | 27% од проектите и мерките кои беа составен дел од Стратегијата за локален економски развој 2014-2017 се со континуиран тек на реализација на активностите |
| Реализирани | Најголем дел (51%) од проектите и мерките кои беа составен дел од Стратегијата за локален економски развој 2014-2017 се целосно реализирани, со тенденција да се зголеми степенот на реализирани проекти поради континуитетот на активности |
| Нереализирани | 22% од проектите и мерките кои беа составен дел од Стратегијата за локален економски развој 2014-2017 се нереализирани |

## 5.1 Единици на локална самоуправа

За разлика од сите останати единици на локалната самоуправа во Република Македонија, градот Скопје се протега на подрачјата на кои се протегаат општините на Град Скопје. Подрачјето на градот Скопје, го сочинуваат подрачјата на општините:

- Аеродром
- Бутел
- Гази Баба
- Ѓорче Петров
- Карпош
- Кисела Вода
- Сарај
- Центар
- Чаир и
- Шуто Оризари

во границите утврдени со Законот за градот Скопје (Сл.весник на РМ бр 55/04).

Соодносот меѓу градот и општините во Град Скопје е дефиниран со Законот за градот Скопје. Законот точно ги дефинира подрачјата и границите на сите општини во градот. Во градот Скопје, надлежностите во областите утврдени со Уставот наРепублика Македонија ги извршуваат органите на градот Скопје иорганите на општините во градот Скопје.

Притоа, работите од локално значење што се функционално неделиви и подеднакво значајни за целото подрачје на градот Скопје, ги вршат органите на градот Скопје.

Работите од локално значење што се функционално деливи по својоткарактер и се од значење за општините во градот Скопје, ги вршаторганите на општините во градот Скопје.

Во вршењето на работите од својата надлежност градот Скопје и општините во градот Скопје остваруваат меѓусебна соработка преку:

- размена на материјали од своја надлежност заради меѓусебно информирање или давање согласност;
- иницијатива на акти и мерки за уредување на работи од заеднички интерес за градот Скопје;
- преземање на заеднички акции и мерки за решавање и вршење на работи од своја надлежност и
- давање стручна помош во извршување на закони и други прописи.

## 5.2 Бизнис демографија и бизнис динамика

Здравата конкуренција и големиот број на развиени бизниси, занаети и туризам, се дел од основата за успешна економија и поволно опкружување на една земја. Со економските реформи и некои од политиките, како што се кампањите за привлекување на странски инвестиции и субвенционирањето на самовработувањето, се создаваат услови за развивање на веќе постоечките бизниси, како и поддржување на идеите за нови бизниси, создавајки можности за луѓето од сите слоеви, возраст и место на живеење. Намалувајки ги социјалните разлики и негативните социјални феномени и создавајки поволни услови за развој на човековите капацитети имаат за цел да овозможат непречен бизнис и демографски развој на целата земја.

За обезбедување на економскиот раст, развој и благосостојба од фундаментално значење е обезбедување дифузија на знаењето. Оттука, воведувањето на мерки за унапредување на иновативноста претставува основен предуслов за остварување на позитивните економски и социјални придобивки. Широко е прифатено дека иновациите имаат централно значење за обезбедување раст на производството и продуктивноста во рамките на претпријатијата, а со самото тоа и на локалниот развој во целина.

Иновацијата е една од најпознатите и основни практики за поддршка на економскиот раст. Таа представува голем потенцијал за развој, и решенија за голем број економски и социјални предизвици.

Токму затоа, градот Скопје, во насока на прераснување во современ паметен град, треба да се поттикнува,поддржува и имплементира иновативните активности, воспоставувајќи развојврз основа на економија базирана на знаење.

Преку препораките од ЕУ, особено преку Стратегијата Европа 2020, се утврдува визијата за европската социјална пазарна економија за XXI век. Стратегијата “Европа 2020” предлага три приоритети што меѓусебно се надополнуваат:

- паметен раст (т.е. развој на економија што се заснова врз знаење и иновации),
- одржлив раст (т.е. промовирање на економија што поефикасно ги искористува ресурсите, што е позелена и поконкурентна) и
- инклузивен раст (т.е. негување економија со висока стапка на вработеност што обезбедува социјална и територијална кохезија).

Надоврзувајќи се на “Европа 2020”, земјите од Западен Балкан што се вклучени во претпристапните процеси изготвија, исто така, Стратегија за

Југоисточна Европа 2020 (ЈИЕ 2020), што претставува одраз на решителноста на сите влади во Југоисточна Европа за прифаќање на храбрите пристапи во политиките што се неопходни за постигнување на потребниот економски и социјален раст за подобрување на просперитетот на сите свои граѓани и за олеснување на евентуалното интегрирање во ЕУ. Во последниве две децении се бележат голем напредок и многу значајни постигнувања во Југоисточна Европа. Меѓутоа, регионот сè уште се соочува со определени сериозни предизвици. Стратегијата “ЈИЕ 2020” ја препознава потребата за регионална соработка во избраните области за справување со овие предизвици и забрзување на постигнувањето на развојните цели во клучните сектори.

## 5.3 SWOT анализа

Компаративните предности на Град Скопје се идентификувани преку SWOT анализа, направена на основа на истражувањето на слабите и јаки страни на опкружувањето, содржани во прегледот на други стратешки документи на Градот, разработката на истите, како и анализата на постојната состојба направена на одржаните работилници.

Конкурентните предности на Град Скопје се прикажани како силни страни и ги потенцираат факторите кои го прават Градот Скопје поволно место за работа и живеење. Слабите страни , претставени како факти и трендови , претставуваат пречки и/или ограничување на развојот. Можностите се услови кои би го овозможиле и олесниле развојот на конкурентските предности, додека пак заканите се неповолни трендови кои доведуваат до опаѓање на конкурентската предност на локалниот развој во однос на другите европски градови.

За идентификација на конкурентската предност на градот Скопје, се направи анализа на мислењата на претставниците од Град Скопје, при одржување на работилницата за преглед на SWOT анализа.

Градот Скопје, како главен административен, деловен, културен и образовен центар има мноштво силни страни, но и низа недостатоци. Врз основа на тоа пред градот стојат низа можности, но постојат и закани.

| 1. Силни страни | 2. Слаби страни |
| --- | --- |
| 1.1 Поволна географска локација на Градот<br>1.2 Голем економски потенцијал и голем пазар<br>1.3 Развиена трговска мрежа и големопродажба<br>1.4 Сертифицирани бизнис пријателски општини (О.Гази Баба, Град Скопје, ...)<br>1.5 Постоење на голем број невладини организации.<br>1.6 Поволни услови за развој на туризмот и за алтернативниот туризам.<br>1.7 Голем број на туристички атракции<br>1.8 Детално правно регулирани области<br>1.9 Децентрализирана надлежност на општините на град Скопје и градот Скопје.<br>1.10 Здрав банкарски систем со добар потенцијал за финансирање.<br>1.11 Голем број на добро развиени и конкурентни претпријатија<br>1.12 Добра деловна клима за водење деловни активности.<br>1.13 Развиен граѓански сектор.<br>1.14 Образовен центар на земјата, со голем број училишта, универзитети и научни институции.<br>1.15 Постоење на добра инфраструктура (патна, железничка, аеродромска, комунална,енергетска, телекомуникациска, интернет мрежа).<br>1.16 Уредени паркинг простори.<br>1.17 Постоење на конгресни, туристички и изложбени центри. ( ? ! )<br>1.18 Постоење на програми за самовработување и други програми за поддршка на претприемништвото.<br>1.19 Постоење на социјална помош за невработените и социјална заштита за лицата со посебни потреби. ( ? ! )<br>1.20 Помали административни трошоци.<br>1.21 Богато културно наследство (верски | 2.1 Висока стапка на невработеност;<br>2.2 Висок индекс на сиромаштија,<br>2.3 Нецелосна база на статистички податоци и индикатори на ниво на Град Скопје<br>2.4 Неефективно и неефикасно функционирање на јавниот здравствен систем<br>2.5 Недоволни вложувања во истражување и развој;<br>2.6 Одлив на млади и образовани кадри<br>2.7 Нестимулирањена доброквалификувана работна сила<br>2.8 Неусогласеност помеѓу понудата на кадри и побарувачката за работна сила (некоординираност на образовните институции и барањата на работодавците и потребите на пазарот на трудот.)<br>2.9 Недоволни ресурси за капитални инвестиции во образованието;<br>2.10 Политизација при изборот на кадри. ( ? ! )<br>2.11 Недоволна заштита на животната средина ( опасност и штетност по здравјето на граѓаните )<br>2.12 Несоодветно постапување со отпадот ( селекција и рециклирање )<br>2.13 Недостаток на знаења и свесност за проблемите со животната средина и ризиците од загадување<br>2.14 Недостаток на информации и знаења за погодностите од воведување на системи за управување со животната средина;<br>2.15 Недоволна интегрираност на активности од областа на животната средина во секојдневното бизнис опкружување<br>2.16 Ниско ниво на спроведување на концептот на почисто производство, спречување назагадувањето |

| | |
|---|---|
| и културно историски објекти) . | 2.17 Застарени технологии (производство, транспорт, ...)<br>2.18 Високо ниво на емисија на штетни издувни гасови ( индустрија , сообраќај, домаќинства, ... )<br>2.19 Бавно темпо за имплементација на структуралните реформи<br>2.20 Ниско ниво на координација на национално, локално и регионално ниво за спроведување на економската развојна политика.<br>2.21 Некомплетна и асиметрична информираност во градот за можностите за подобро функционирање<br>2.22 Слабо развиена економија за добро функционирање на бизнисот.<br>2.23 Недоволно ниво на домашни и странски инвестиции<br>2.24 Недостаток на управувачки вештини, иновативност, претприемништво и маркетинг техники за промоција на домашните производи, особено кај МСП.<br>2.25 Ниско ниво на технолошки развој помеѓу голем дел од компаниите (иновации, ресурси за алтернативни енергетски извори итн).<br>2.26 Неповолни извори на финансирање и висока цена на капиталот;<br>2.27 Недоволна подршка на “start-up” фирми,<br>2.28 Ниско ниво на ефикасно користење на фондовите на ЕУ ;<br>2.29 Недоволна искористеност на природните ресурси.<br>2.30 Недоволна искористеност на културните вредности на Град Скопје.<br>2.31 Недоволни вложувања во туризмот;<br>2.32 Недоволна општа и туристичка инфраструктура и пристап кон туристички дестинации<br>2.33 Непостоење на детални урбанистички планови за сите делови на град Скопје ( ? ! )<br>2.34 Недоволна соработка на општините |

| | |
|---|---|
| | на град Скопје и градот Скопје со бизнис секторот<br>2.35 Недоволно искуство на јавната администрација за подготовка на проектна документација и вклучување на бизнис секторот во програмите на меѓународната заедница.<br>2.35 Недоволно искуство за лобирање за средства од нови програми и проекти;<br>2.36 Недостаток на институции за контрола на квалитетот на производите и услугите;<br>2.37 Неликвидност и недоволна финансиска стабилност на компаниите (МСП) |

| 3. Можности | 4. Закани |
|---|---|
| 3.1 Промоција и поттикнување на бизнис пријателско опкружување<br>3.2 Користење на можностите што ги нудат институциите на ЕУ за МСП и претприемништвото<br>3.3 Проактивно вклучување и аплицирање во проекти на ЕУ програми за потребите на градот.<br>3.4 Поголема промоција од страна на Агенцијата за странски инвестиции и економските промотери во странство за инвестирање во градот Скопје.<br>3.5 Поддршка на процесите на воведување на иновации (нови технологии и развој на нови производи и услуги);<br>3.6 Подобра соработка на градот Скопје со скопските општини за поедноставно носење на потребните одлуки<br>3.7 Подобрување однос локална - централна власт.<br>3.8 Примена на меѓународните и ЕУ стандардите;<br>3.9 Стимулирање и поттикнување на самовработувањето.<br>3.10 Интензивирање на соработката со меѓународните финансиски институции | 4.1 Стареење на населението во градот Скопје<br>4.2 Конкуренција од странски корпорации и нивни претставништва за инвестирање<br>4.3 Атрактивност на земјите на ЕУ за вработување на млади образовани луѓе;<br>4.4. Голема надворешна конкуренција што може да доведе до пропаѓање на локалните компании;<br>4.5 Одлив на квалификувана работна сила, воглавно млади (brain-drain ) ;<br>4.6 Висока зависност од увоз на енергија<br>4.7 Глобализација и голема конкуренција на глобалниот пазар;<br>4.8 Нерационално користење на водата за пиење.<br>4.9 Влошување на економската состојба во градот и државата.<br>4.10 Поголеми трошоци за живот и водење бизнис<br>4.11 Недоволно достапни поволни извори за финансирање на МСП<br>4.12 Недоволна ефикасност на правниот систем.<br>4.13 Обновување на економската криза во земјата и во меѓународни размери (гео-политика) |

| | |
|---|---|
| 3.11 Зголемување на ефикасноста на работата на јавните претпријатија<br>3.12 Изградба /подобрување на комуналната и сообраќајната инфраструктура<br>3.13 Подобрување на меѓуопштинската соработка<br>3.14 Унапредување на соработката на локалните институции со бизнис секторот<br>3.15 Зголемување на поддршката и проектите за развој на МСП и претприемништво на локално ниво<br>3.16 Гасификација на градот.<br>3.17 Развивање на алтернативни извори на енергија<br>3.18 Соработка помеѓу невладиниот , научниот сектор и бизнис секторот<br>3.19 Дополнително унапредување на патната и железничката инфраструктура<br>3.20 Зголемување на бројот на разновидни друштва за развивање способности, учење и развој преку практична работа.<br>3.21 Спречување на загадувањето, еко-ефикасност, еко-иновативност и трансфер на т.нар. зелени технологии<br>3.24 Интензивирање на процесот на прекугранична соработка со општините/градовите од ЕУ.<br>3.25 Вмрежување помеѓу повеќе општествени чинители локално, национално и меѓународно ниво.<br>3.26 Целосна хоризонтална и вертикална усогласеност на мрежата на институции за поддршка на МСП.<br>3.27 Интензивирање на соработка на локалната самоуправа со бизнис секторот и институциите за поддршка на бизнисот<br>3.28 Активно вклучување во регионалните мрежи на институции за поддршка на МСП, со цел регионално поврзување и соработка на фирмите<br>3.29 Субвенционирање на обуки за | 4.14 Потенцијална нестабилност во регионот и Европа, предизвикано од бегалска криза или од тероризам.<br>4.15 Недостаток на финансиски средства за кофинансирање на проекти;<br>4.16 Скапо формално образование;<br>4.17 Неповолна старосна структура на дел од невработените;<br>4.18 Забавен процес на ЕУ интеграција на Република Македонија.<br>4.19 Неконтролиран раст на цената на енергијата<br>4.20 Трансфер на 'валкана технологија'.<br>4.21 Стареење на популацијата и очекувано намалување на бројот на школска популација<br>4.22 Систем на високо образование кој не одговара на потребите на бизнисот ;<br>4.23 Организациони, политички и финансиски тешкотии во процесот на меѓуопштинска (регионална) соработка<br>4.24 Недостиг на капитал потребен за развој на индустријата, како од домашни така и од странски инвеститори;<br>4.25 Низок институционален капацитет за целосна абсорпција на средствата од предпристапната помош ; |

| | |
|---|---|
| невработени и за доквалификација на активното население.<br>3.30 Ангажирање на невработени и работоспособни лица во активности од јавен интерес.<br>3.31 Поттикнување на кластерско здружување<br>3.32 Промоција на културата на претприемништвото<br>3.33 Иницирање и интензивирање на научно истражувачката дејност во образовните институции и воведување на ЕУ стандарди во поголем број сектори<br>3.34 Поголемо користење на кредити од МБПР од страна на претпријатијата од град Скопје<br>3.35 Воведување на стимулативни мерки за стопанските субјекти за примена на чисти технологии, користење на алтернативни извори на енергија, и ефикасно користење на енергенсите.<br>3.36 Зајакнување и примена на концептот јавно-приватно партнерство<br>3.37 Развивање на програми за промоција на културните и традиционалните вредности (промоција на туризмот) | |

# 6. Визија, мисија и стратешки цели

## 6.1 Визија

***Просперитетен и отворен град, еднаков за сите, со инфраструктура и градби адаптирани на потребите на граѓаните, со квалитетни услуги за граѓаните што ќе го вбројат Скопје во редот на европски метрополи и паметни градови.***

Визијата е јасна и прецизно определена идеја за посакуваните промени за одредено урбано подрачје. Таа е општо формулирана и не е специфично

конкретизирана за одделен сектор, туку упатува на општиот напредок кој треба да биде постигнат во градот Скопје.

## 6.2 Мисија на Стратегијата

Оваа Стратегија има за цел да создаде предуслови за Град Скопје да стане иницијатор и промотор на севкупниот економски раст.

## 6.3 Стратешки цели:

1. Паметен град – модернизација на градот
2. Поттикнување на развојот на МСП и претприемништвото
3. Поволно деловно опкружување
4. Подобрување на просторни квалитети и функции на градот
5. Подобрување на квалитетот на животот и животниот стандард на граѓаните
6. Енергетика и енергетска ефикасност
7. Заштита на животната средина и природата

***“Просперитетен и отворен град, еднаков за сите, со инфраструктура и градби адаптирани на потребите на граѓаните, со квалитетни услуги за граѓаните што ќе го вбројат Скопје во редот на европски метрополи и паметни градови.***

| СТОЛБ 1 | СТОЛБ 2 | СТОЛБ 3 | СТОЛБ 4 | СТОЛБ 5 | СТОЛБ 6 | СТОЛБ 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Паметен град – модернизација на градот | Поттикнување на МСП и претприемништвото | Поволно деловно опкружување | Подобрување на просторни квалитети и функции на градот | Подобрување на квалитетот на животот и животниот стандард | Енергетика и енергетска ефикасност | Заштита на животната средина и природата |

# 7. Стратешки цели

Стратешките цели кои се составен дел од оваа стратегија се насочени кон неколку аспекти, во кои акцентот е ставен на развивање на концептот на

паметен град (Smartcity), создавање на поволно деловно опкружување и конкурентен сектор на МСП, подобрување на животната средина, развивање на транспортната мрежа, дел за патната инфраструктура, комуналната инфрастуктура, изградба на системите за водоснабдување, што ќе придонесе за подобар економски раст и развој на градот.

## 7.1 Паметен град – модернизација на градот

Концептот на паметни градови се однесува на користењето на напредни дигитални технологии за оптимизирање на градските ресурси, намалување на трошоците, подобрување на квалитетот на животот и обезбедување на подобри услуги кон граѓаните.

Во време кога градовите се соочуваат со огромни економски и еколошки предизвици, токму технологијата може да биде клучен фактор за надминување на градските проблеми и унапредување на урбаното живеење.

Со цел да го придвижиме и градот Скопје во таа насока, предвидена е дигитализација и електронски пристап кон услугите што ги дава администрацијата. Тоа вклучува и имплементација и одржување паметен систем за управување со уличното осветление, како почеток на проектот „Скопје смарт сити“. Предвидени се и инвестиции за заштитата на животната средина преку повеќе проекти, како што се: изградба на нови велосипедски, пешачки и трим-патеки, подигнување јавно зеленило на магистрални улици и паркови, проекти за зелени покривни површини на станбени згради, сè со цел процентот на зеленило драстично да се зголеми во Скопје.

### 7.1.1 Паметен јавен превоз

Паметен јавен превоз е модуларно решение кое вклучува систем за автоматско лоцирање на возилата од јавниот превоз и систем за електронска наплата на билети, преку кои се обезбедуваат информации од сите поврзани возила и уреди и се овозможува контрола и оптимизација на активностите поврзани со јавниот превоз, во реално време.

Со автоматската локација на возилата од јавниот превоз се обезбедува оптимизирање и зголемување на ефикасноста на мрежата на превозни линии, подобрување на информациите што им се обезбедуваат на патниците, а со тоа и зголемување на квалитетот на услугата кон граѓаните: редовност, сигурност и

точност на автобусите. Исто така, заштедата на горивото како резултат на рационализација на превозот и пократкото стоење на возилата на постојките, значајно влијае за намалување на загадувањето на воздухот. Со електронската наплата на билетите која веќе се применува, се овозможува плаќање со електронски картички кои можат да се дополнуваат преку интернет, на автомати или во мрежата на услужни места на операторот на јавниот превоз, како и со мобилен телефон. На овој начин се овозможува ефикасност и контрола во работењето, а на граѓаните им се овозможуваат модерен сервис и услуга прилагодена на нивните потреби. Воедно, со замената на хартиените билети се придонесе и кон реализација на пошироки придобивки во однос на заштитата на животната средина.

Опремата која е потребна за паметниот јавен превоз, за возилата и станиците вклучува: валидатори, инфо-табли, компјутерски единици во возилата, контролни уреди, итн., со цел да се воспостави и осигури целосна контрола врз системите и ефикасни комуникации со операторите и корисниците на системот за јавен транспорт, а како придобивки од сето тоа, се јавуваат:подобрување на одржувањето на возилата, подобрување на управувањето со сообраќајот, обезбедување информации за корисниците итн.

### 7.1.2 Паметно улично осветлување

Уличното осветлување придонесува со повеќе од 40 проценти од сметките за електрична енергија на градовите и општините, и начинот на кој се управува со него има значајно влијание на трошоците од работењето, како и на самиот квалитет на услугата. Со имплементација на напредни и иновативни технологии, градовите и општините можат многу поефикасно да управуваат со уличното осветлување, воедно овозможувајќи им значајни придобивки на граѓаните.

Паметното улично осветлување опфаќа:

▪ Светилки базирани на напредна LED технологија, со висок животен век, кои овозможуваат намалена потрошувачка на електрична енергија и заштита на животната околина;

▪ Сензори кои овозможуваат прилагодување на интензитетот на светлината;

▪ Мрежна опрема која ја овозможува комуникацијата помеѓу светилките и централниот систем.

Придобивки од решението се: намалување на потрошувачката на енергија,намалување на трошоците за одржување, поголема безезбедност на

граѓаните,следење и анализа на перформансите на системот,прилагодување на осветлувањето во зависност од потребите на градот, и најзначајно, заштита на околината преку намалување на емисиите на стакленички гасови.

### 7.1.3 Паметно следење на квалитетот на воздухот

Решение кое обезбедува мерење и следење на состојбата на квалитетот на воздухот, како и проследување на информацијата за квалитетот на воздухот до надлежните институции со цел донесување одлуки за заштита на околината. Основното решение вклучува високо квалитетни калибрирани сензори кои се користат за мерење на концентрациите на гас и за детекција на концентрацијата на штетни честички во воздухот, со можност за надградба со дополнителни сензори за мерење на температурата и релативната влажност на воздухот. Собраните податоци од сензорите се проследуваат до софтверска платформа од која податоците понатаму се систематизираат и анализираат. Решението може лесно да се постави на која било локација во градот, притоа за помали трошоци споредбено со трошоците на традиционалните мерни станици за следење на квалитетот на воздухот. Решението ќе му овозможи на Градот Скопје подлабоко да навлезе во основните причини на загадувањето на воздухот, како и да го следи влијанието на промените во јавната политика поврзани со загадувањето на воздухот во конкретен реон.

### 7.1.4 Паметно управување со отпад

Дигитализација и автоматизирање на процесите за собирање отпад, преку што им се помага на комуналните компании да ги унапредат услугите за собирање отпад , оптимизирајќи ги оперативните трошоци.

Решението е флексибилно за различни видови и големини на компании за управување со отпад и овозможува заштеда на логистички и оперативни трошоци до 40%. Обезбедува детални информации за статусот на исполнетост на садот за отпад што ќе овозможи динамично оптимизирање на рути за собирање отпад и намалување на непотребните трошоци за транспорт. Таквата карактеристика им овозможува на компаниите кои управуваат со отпадот да се погрижат садовите да не бидат преплавени со отпад, и на тој начин позитивно ќе влијаат на животната средина, задоволството на граѓаните и искуството на туристите. Решението може да се надополни со систем за идентификација и мерење на тежина во камионите, па информациите за количината на отпад собрана од камионите и однесена на депонијата да

послужи како основа за воведување нов систем за наплата за да се овозможи фер политика од органот надлежен за управување со отпадот.

Би се постигнало преку вградување насензори во сите видови јавни садови за отпад со вградени модули за детекција на исполнетост на отпадот во садот, детекција на темепература, на движење и навалување на садот, RFID чипови кои се вградуваат на садовите за отпад и служат за нивна идентификација; како и  централен компјутер кој се вградува во кокпитот од камионот и вага за мерење на тежината од собраниот отпад.

Како најзначајни придобивки од ваквото решение се : целосната автоматизација на процесите за собирање на отпадот, заштита на животната средина, намалување на трошоците за логистика и сл.

### 7.1.5 Паметно решение за јавна безбедност

Јавната безбедност е една од најважните услуги што ги нуди еден град, а воедно и една од најголемите ставки во вкупните трошоци за функционирањето на градовите и општините. Истражувањата покажуваат дека приближно 57% од оперативните трошоци на градот се припишуваат на јавната безбедност (полиција, пожарна, брза помош). Автоматизацијата на процесите во оваа област, придонесува градот да ги оптимизира  оперативните трошоци, истовремено подобрувајќи ги услугите кон граѓаните и квалитетот на урбаното живеење. Паметното решение за јавна безбедност, преку видео анализа во реално време, им помага на надлежните органи да ги мониторираат јавните површини со цел навремена детекција на специфични, невообичаени настани и инциденти. На овој начин се овозможува и брза интервенција на терен, што е особено битно во итни ситуации кога секоја секунда е важна.

Паметното решение за јавна безбедност овозможува да се подобри општата безбедност во градот и да се зголеми ефикасноста во спроведувањето на законот преку употреба на вмрежени камери за надзор во комбинација со широк опсег на најсовремени  модули за видео аналитика.

### 7.1.6 Паметно управување со сообраќај

Решението Паметно управување со сообраќај овозможува општ преглед на сообраќајот во реално време, комбинирајќи ги локациите на возилата и мобилните телефони, со што им помага на градските управи во управувањето со сообраќајот низ градот. Решението анализира големи количини мобилни

податоци во реално време, за да обезбеди комплетен увид во одвивањето на сообраќајот. Градот може да ги инкорпорира и постојните податоци од детектори на сообраќај, семафори, системи за управување со тунели, камери за надзор, или системи за информации за временските услови, за уште посеопфатен увид на состојбата во сообраќајот. Планерите на сообраќајот и урбаниот развој, од тековните и историските податоци, можат да увидат каде и кога постојат тесни грла во протокот на сообрќајот и да донесуваат подобри одлуки за планирање на нормалното одвивање на сообраќајот. Дополнително, планерите на сообраќајот можат подетално да направат проценка на влијанието на затворањето на патиштата при изградби или поправки, кога планираат пренасочувања и заобиколувања на областите во кои работите се во тек. И на крај, благодарение на отворената API инфраструктура, важните информации за одвивањето на сообраќајот можат автоматски и во реално време да се пренесат на надворешни системи, во вид на извештаи за сообраќајот. Со поддршка за најефикасен проток на информации од градот кон граѓаните се обезбедува помош за нивното движење во сообраќајот, потоа поквалитетна анализа на сообраќајот, подобрена комуникација на проблемите во сообраќајот, едноставни прегледи на мапите, подобро време на реакција, споделување информации итн.

### 7.1.7 Паметен паркинг

Решението Паметен паркинг помага на возачите да заштедат време за пронаоѓање слободно паркинг место, го намалува загадувањето и го намалува ризикот граѓаните да направат паркинг прекршоци.

Исто така, се овозможува подобро управување со сите предизвици поврзани со водење ефективна услуга за јавно паркирање. Во својата основна верзија, решението едноставно го следи статусот на слободни/зафатени паркинг места, може да се користи за евиденција на влез во затворени паркинзи и може да ги прикажува клучните информации во мобилната апликација или на стратешки поставените знаци во близина на паркингот. Решението дополнително може да се прошири со понапредни функционалности, како издавање дозволи за паркинг (станбени, за хендикепирани возачи, такси, градски автобуси и возила за достава), спроведување на прекршоците за паркинг, плаќање за паркинг услугата, па дури може и да контролира пристап до конкретни површини за паркинг.

Преку ова решение се овозможува преглед на паркинзите во целиот град,достапност наподатоци за зафатеност на паркинг местата во реално време, намалување на сообраќајот како и намалување на загадувањето.

### 7.1.8 Паметно полнење на електрични возила

Паметното полнење на електрични возила претставува отворен ИКТ екосистем кој поврзува инфраструктура за полнење - електрични полначи, софтвер за управување со електричните полначи и апликација, лесна за употреба, која им помага на возачите на електрични возила да пронајдат, да резервираат и да платат за полнењето на електричните возила.

Мобилните операторитреба обезбедуваат современа ИКТ платформа базирана на Cloud која во реално време испорачува информации за достапноста на електричните полначи до возачот на електричното возило. Инфраструктурата за електрично полнење може да биде поставена на јавен, отворен или затворен паркинг, во трговските центри, бензински пумпи и други приватни или јавни површини каде што паркирањето е дозволено,. Дополнително, лесно достапната инфраструктура за полнење на електричните возила, ќе ја зголеми употребата на електрични возила во градот, со што на долг рок ќе се намали емисијата на $CO_2$ и ќе се унапреди заштитата на животната средина и квалитетот на урбаното живеење.

### 7.1.9 Паметно решение за изнајмување велосипеди

Со зголемувањето на сообраќајните метежи низ градовите, велосипедот станува едно од најпосакуваните превозни средства, овозможувајќи најевтино и еколошко решение за дневните или еднократните патувања низ градот. Паметното изнајмување велосипеди е нов и интересен концепт, кој им нуди на граѓаните и туристите економичен начин на превоз и можност за заштеда на значително време при покривање на кратки растојанија низ градот.Преку примена на паметни и иновативни технологии, на граѓаните и туристите ќе им се понудат современи и практични услуги, истовремено овозможувајќи им целосна флексибилност и леснотија при користењето.

### 7.1.10 Паметно управување со кризи

Во криза секој момент е скапоцен и информациите се од клучна важност. Паметното управување со кризи на градовите им обезбедува алатка за намалување на времето на реакција во кризни ситуации, за оптимизација на мерките за реакција и за поддршка на планирањето на големи настани. Преку

ова решение, се собираат и анализираат деперсонализираните информации за густина на луѓето врз основа на податоците од мобилните мрежи речиси во реално време. Овој проток на податоци во реално време се обработува за да ги покаже концентрацијата на луѓето и нивното движење на мапа со висока резолуција. Овие информации се корисни во голем број ситуации со кои градот мора да управува, како што се спортски настани, паради, политички собири и концерти. Доколку настане проблем, решението Паметно управување со кризи може да обезбеди информации и до надлежните органи за да можат да преземат корективни дејства. Во секој случај и да не настане проблем, информациите сепак можат да се користат за да се идентификуваат потенцијалните проблеми во засегнатите области и да се осигури дека Градот може проактивно да го подобри искуството на граѓаните за идните настани.

### 7.1.11 Паметна Градска контролна табла

Паметната градска контролна табла им овозможува на градските власти да вршат далечински мониторинг, контрола и оптимизација на градската инфраструктура. Тоа им дава можност да го подобрат целокупното управување со градската инфраструктура, притоа постигнувајќи социјален, еколошки и економски успех.

Еден од најголемите предизвици на патот да се стане Паметен град е наоѓање начин како да се покаже вредноста на новите услуги за граѓаните. Градските власти ги користат податоците за функционирањето на градот, со цел да ги разберат и да ги решат проблемите на урбаното градско живеење, како помош при формулирање на јавните политики и за насочување на долгорочното оперативно управување. Имајќи предвид дека бројот на паметните апликации и напредните технологии за унапредување на работата на градовите секојдневно расте, разбирањето и користењето на овие податоци станува сѐ покомплексно и покритично. Решението Паметна градска контролна табла е алатка која врз основа на анализа на голем обем различни и брзо променливи податоци, ги идентификува трендовите кои влијаат на секојдневните градски оперативни активности, притоа подобрувајќи ја контролата врз градската инфраструктура. Паметната градска контролна табла ќе им помогне на градовите да го сфатат и да го прикажат влијанието на урбаните податоци, како и да ги искористат за подобрување на градот и услугите кон граѓаните и туристите.

## 7.2 Поттикнување на развојот на МСП и претприемништвото

Малите и средни претпријатија со својата жилавост, виталност и инвентивност, се генератори на нови вработувања и мобилизатори на сите фактори на производство. Тие стануваат сé поатрактивни во глобалното општество, па затоа се наметнува потребата од градење инфраструктура и регулативи за нивна ефективна поддршка. Претприемачката инфраструктура има клучна улога во развојот и поддршката на малите и средни претпријатија, а недостатокот на соодветна инфраструктура има инхибирачко дејство не само врз нивниот развој, туку и воопшто врз економскиот раст.

Град Скопје воспоставува политики за поддршка на високиот раст на МСП. Тие политики опфаќаат две работи:

- Политики за поттикнување зголемен број на МСП, како и
- Политики за поддршка на МСП, со цел да се задржи нивниот висок раст.

Политиките за поттикнување на зголемениот број на МСП обезбедуваат поволно деловно опкружување за претстојниот висок раст и развој на претприемничка култура, а додека пак политиките за поддршка на високиот раст на МСП имаат за цел да обезбедат конкурентен и продуктивен сектор на МСП.

Неинформираноста и асиметричната информираност се појавува како главен проблем со кој се соочуваат малите и средни претпријатија , стартапите, како и сите граѓани кои стравуваат од несигурна иднина во започнувањето на сопствен бизнис. Со цел намалување на влијанието од тој проблем, ќе се реализираат кампањи за промовирање на поддршката, програмите и обуките финансирани од Европската Унија, ќе се промовира претприемничката култура, креативното претприемништво, социјалното претприемништво, како и споделувањето на успешните претприемнички приказни со цел охрабрување на потенцијалните претприемачи.

Во согласност со препораките утврдени преку анкетните прашалници и консултации со единиците на локалната самоуправа, бизнис и невладиниот сектор, Градот ќе ги зајакне своите консултации и механизми за водење дијалог со приватниот сектор. Посебно внимание ќе биде посветено на вклучувањето на деловните жени во овие механизми, како и на микро претпријатијата.

Развојот на малите и средни претпријатија (МСП) овозможува да се почувствуваат нивните ефекти што побрзо во: вработувањето, зголемувањето на производството, јакнење на конкуренцијата, социјалниот и воопшто човечкиот развој.

Малите и средните претпријатија сè повеќе се соочуваат со меѓународната конкуренција и ја согледуваат потребата да се прилагодат на промените на нивното стратешко окружување. Ова не само што подразбира прилагодување на нивните домашни стратегии, туку сè повеќе фирмите се решаваат активностите да ги прошируваат надвор од границите на нивните земји. Со цел да се соочат со ваквите предизвици, малите и средните претпријатија треба да бидат свесни дека зголемената конкуренција се чини дека се вкоренува и во внатрешните и во надворешните перспективи на нивното работење.

Токму затоа, Градот Скопје, преку финансиска поддршка на проекти за организирање на обуки и консултантски услуги, преку промовирање на потребата од сертифицирање согласно меѓународните стандарди за квалитет (ISO), ќе ги поттикне малите и средни претпријатија да се надоградуваат во насока на зголемување на нивната конкурентност, што позитивно ќе влијае врз отворањето на нови вработувања и економскиот раст.

## 7.3 Поволно деловно опкружување

Градот Скопје како добитник на сертификатот за поволно деловно опкружување, ја потврдува ставката запосакувана деловна дестинација со поволно бизнис опкружување.Преку јакнење на постојната и развој на нова инфраструктура за деловна поддршка се унапредува поддршката и се поттикнуваат деловните иновации и на иновативните компании. Со оглед на тоа дека главен двигател на економијата во нашата земја се приватните претпријатија, малите бизниси како и занаетчиите, кои се главен сегмент за создавањето на нови работни места, зголемувањето на извозот, создавањето на иновативни производи и услуги, поголема промоција на домашните производи на странските пазари итн.

Со оглед на тоа дека токму малите бизниси и занаетчиите се главни всисувачи на невработеноста и промотори на иновативноста, од приоритетна важност е да се утврди конзистентна политика за поддршка на нивниот непречен развој, заради големата улога и значење во економскиот развој на земјата.

Неминовните процеси што се случуваат во опкружувањето се карактеризираат со динамични технолошки промени, зголемена глобална конкуренција, неизвесност и ризик. Сето тоа ја иницира потребата од поддршка и развој на малите и средни претпријатија, занаетчиите и останатите креативни и самостојни подизведувачи (freelancers), коишто со својата иновативност, креативност и перманентно зголемување на продуктивноста и флексибилноста, ќе одговараат на новонастанатите услови и значително ќе придонесат за вкупниот општествен развој.

Токму затоа, Градот Скопје, во соработка со надлежните институции и комори, ја дава потребната поддршка со цел создавање окружување во коешто претприемачите и семејните претпријатија може да просперираат и во коешто се наградува претприемништвото.Ќе се создаде поволно деловно опкружување за ситеМСП, вклучувајќи ги семејните претпријатија, преку поедноставена правна и регулаторна рамка, подобрено креирање политики и координирање, како и преку подобрени услуги за деловен развој и подобар пристап до финансии.

За соодветен економски развој е потребна соодветна соработка меѓу Град Скопје со останатите општини, во насока на воспоставување на кластери и индустриски зони, технолошки паркови, иновативни центри, центри за преквалификација и доквалификација, за деловна обука и советување, маркетниг подрачја за инвеститори, туристички атракции и сл.

За економскиот развој е потребна и соработка со збратимените градови, со кои нашиот град и општините имаат воспоставено односи на меѓусебна соработка, за брзо и лесно заживување на малите и средни претпријатија и меѓународните ланци на вредности во однос на привлекување на странски инвеститори и сл.

Како индикатори за економскиот развој служат порастот на инвестициите на ниво на општина, број на нови работни места (особено во поглед на занаетчиството, туризмот и останатите потенцијални сектори), пораст на вредноста на извозот и бројот на извозници, пораст на БДП како и пораст на просечната плата.

## 7.4 Подобрување на просторни квалитети и функции на градот

Значаен сегмент од планирањето на општествениот и локалниот развој на градот Скопје опфаќаат просторните квалитети и функции на градот.Просторот како систем или просторниот систем подразбира збир на елементи, склопови и

подсистеми поврзани во функционална целина, со цел создавање на функционална, економична, хумана и естетска средина, во која луѓето ќе најдат поволни услови за работа и живеење. Тоа подразбира функционална патна, техничка и комунална инфраструктура и соодветни услуги. Целите на просторното планирање претставуваат начин на обликување на ставовите и рационализација на сфаќањата за просторот и неговото менување врз основа на заедничките интереси на општествената заедница.

За општините и градот Скопје, во прв план е комуналната инфраструктура и услугите, поради тоа што тие се во надлежност на локалната самоуправа, но во процесот на стратешко планирање, во никој случај не смеат да бидат занемарени, поради тоа што битно влијаат врз квалитетот на животот на граѓаните. Тоа значи дека дел една од значајните цели за локалниот развој се однесуваи на унапредување на овој вид на инфраструктура.

Оваа стратешка цел, настојува да се создадат најдобри услови за живеење со минимални трошоци на изградба, преку оптимално користење на природните погодности, а во согласност со можностите, условите за развој, техниката и технологијата со кои располага пошироката заедница (создавање на функционална, економична, хумана и естетска средина на општествена благосостојба, хуманизација на просторот и зголемување на квалитетот на животната средина), изразено преку разните области – за урбанизам и просторно планирање, за сообраќај, за енергетска ефикасност, за комунални работи и сл. Со цел да се усогласи развојот на просторот на град Скопје со претпоставките за развој на повисоко ниво, начинот, режимот и обемот на барањата за користење на просторот, основната намена и користење на земјиштето, потребно е да се согледа општествениот развој и движењето на населението и да се дефинираат просторите погодни за развој на индустријата, земјоделството, шумарството, туризмот, итн.

Потребите за јакнење на идентитетот на град Скопје, за одржлив и просперитетен урбан развој, за подобрување на комуналните услуги, обезбедување и одржување на јавна чистота, одржување и модернизација на комуналната инфраструктура и слично, е со континуиран тек на активностите, во насока на создавање и изградба на паметен град кој ќе одговори на потребите на неговите граѓани.

Проблемите кои се појавуваат од делот на патната, техничката и комуналната инфраструктура, поекономично и поквалитетно се решаваат преку меѓусебна соработка на Градот со општините, преку заедничка подготовкаи имплементација на инфраструктурните проекти кои имаат влијание врз квалитетот на животот и општествениот развој, заедничко воспоставување на институции за социјална и здравствена заштита, како и основање на заеднички центри за обуки, преквалификации и доквалификации на невработени лица,

занаетчии, и сл, што покрај социјалниот аспект, има индиректен придонес и во доменот на економскиот развој.

## 7.5 Подобрување на квалитетот на животот на граѓаните

Квалитетот на живот се однесува на благосостојбата на луѓето. Тој опфаќа повеќе компоненти, меѓу кои едни се мерливи, како на пример - животниот стандард, а други се немерливи, како на пример - среќата, слободата во изборот, здравјето, животната средина, слободното време, сигурноста, образованието, општествениот живот, итн.

Животниот стандард го претставува квантитетот и квалитетот на добрата и услугите кои им се достапни на луѓето, како и начинот на кој тие добра и услуги се дистрибуирани меѓу нив. Сите економии и градови се стремат кон поголем економски раст. Меѓутоа,за да се смета економскиот раст за квалитетен, потребно е да генерира нови вработувања. Современите економии сé почесто се судираат со феноменот jobless growth, според кој економскиот раст не е проследен со соодветен раст на вработеноста (стапката на раст на вработеноста не ја следи стапката на раст на доходот). Недостатокот на нови вработувања директно се одразува врз квалитетот на живот на луѓето, а посебно предизвикува зголемување на стапката на сиромаштија.

Квалитетот на економскиот раст зависи и од тоа дали и колку економскиот раст е физички деструктивен, односно дали и колку влијае врз намалувањето на шумскиот фонд, загадувањето на водите, почвата, воздухот, итн. Притоа, треба да се има предвид дека, колку што деградацијата на животната средина е опасна за сегашните, толку, и уште повеќе, е опасна за идните генерации. Меѓутоа, одржливиот развој не е поврзан само со животната средина. Тој е поврзан и со општествениот и економскиот систем, кои преку својата флексибилност треба да придонесат за зачувување на можностите и шансите идните генерации да живеат со најмалку исто ниво на квалитет на живот, како сегашните генерации.

Токму затоа, оваа Стратегија е насочена кон подобрување на квалитетот на животот на граѓаните, водејќи сметка првенствено за заштита на нивното здравје, преку заштитата на животната средина, воспоставувањето на соодветна комунална и патна инфраструктура.

Градот Скопје презема соодветни активности во насока на поттикнување на граѓаните , бизнис заедницата, и локалните власти да иницираат проактивност и креираат соработка со цел подобрување на севкупните услови за живот.

## 7.6 Енергетика и енергетска ефикасност

Концептот на енергетската ефикасност прераснува во сè поголем приоритет за локалниот економски развој, особено за градот Скопје.
Со оглед на тоа дека заштедите на енергија се од витално значење за заштита на животната средина, а воедно се едни од најмоќните и најефективните начини за постигнување на енергетски одржлива иднина, оваа стратешка цел упатува на потребата од намалување на потрошувачката на енергија, замената на користењето на необновливите ресурси со обновливи, замена на енергетски неефикасната потрошувачка со ефикасна, изолација на просториите кои се греат и сл.

Градот ги поддржува акциите на компаниите за воведување одржливи практики во секојдневното работење,насочени кон заштита на животната средина преку енергетско ефикасни производи и практики. Унапредената перформанса води кон зголемена ефикасност на ресурсите и директни заштеди, а може да го зголеми и пристапот кон клиенти кои бараат еколошки и енергетско ефикасни производи и услуги.

Главна цел е намалување на трошоците за енергија во градот, пред сè во делот на општинските објекти кои се во нејзина надлежност како и за уличното осветлување, осигурување на нормални (стандардно комфорни) услови за престој и работа во сите простории, обезбедување на инфраструктурата на градот (јавното осветлување), намалување на емисијата на штетни материи во воздухот и околината, поголема примена на обновливи извори на енергија.

Основната цел ќе се реализира преку спроведување на модернизирање на зградите кои се сопственост на градот, промена на навиките на сите корисници на зградите, обука на персоналот задолжен за спроведување и следење на мерките за енергетска ефикасност, зголемување на свеста на граѓаните.

## 7.7 Заштита на животната средина и природата

Потребите за меѓуопштинска соработка, најизразени и највидливи се точно на подрачјето на заштитата на животната средина поради тоа што токму

заштитата на животната средина е еден од најголемите предизвици на денешницата. Промовирањето на одржливиот еколошки развој и интелигентното користење на енергијата се едни од основните цели на град Скопје. Градот ја поддржува зелената економија преку еко-иновации и услуги од областа на животната средина со цел генерирање на бизнис можности од еколошките предизвици, преку што им се овозможува на компаниите да ја унапредат еколошката и енергетската перформанса, да ги намалат трошоците и да пристапат до зелените пазари. Секој е должен да ги унапредува и штити животната средина и природата.

Потребно е организирано, систематско и економично собирање, двоење и рециклирање на отпадните материи, преку воспоставување на регионални депонии. Потребно е промовирање на потребата и развој на свеста за должноста да се штити, чува и унапредува природниот екосистем. Освен подобреното економично и делотворно решавање на проблемите во градот, се воспоставуваат и можности за отворање на нови потенцијални места за вработување, преку погони за рециклирање на отпадот.

Досега се сретнувавме со непреземање конкретни мерки за намалување на загаденоста на воздухот. Како последица на оваа недоволна грижа, нашиот град ее меѓу најзагадените во Европа. Токму поради тоа, Градот Скопје ќе започне со политика за обврзување на големите индустриски капацитети за имплементација на еколошките стандарди, со цел вградување на соодветни филтри. Инспекциските служби на локалната власт ќе започнат да се грижат за соодветно и квалитетно откривање и санкционирање на загадувачите.
Ќе се продлабочи соработката и координацијата помеѓу централната и локалната власт во насока на преземање на конкретни системски мерки за намалување на загадувањето на воздухот.

Исто така, се наметнува потребата од соодветно управување со депониите кои најчесто се наоѓаат на периферијата на населените места, кои не се обележани  ни оградени, ниту имаат чуварска служба. Со цел да се намали негативниот ефект од расфрланиот смет и неподносливата миризба, ќе се пристапи кон подготвителни дејствија за реализација на проектот за регионално депонирање на отпадот, според кој е предвидено поставување на собирни центри и постепена изградба на регионални депонии, во кои покрај прописното депонирање на отпадот, би се вршеле негова селекција и рециклажа.
За таа цел, Градот Скопје ќе пристапи кон информирање на јавноста за потребата од соодветно постапување и управување со отпадот, со цел вклучување на што е можно поголем број на надлежни институции, тела,

невладини организации и компании во реализацијата на проектите за поставување на собирни центри и регионално депонирање на отпадот.

Исто така, неопходна е меѓуопштинска соработка во поглед на заштита на водотеци и заштита од поплави. Овие потенцијални опасности ги надминуваат капацитетите на една општина за справување со истите и бара усогласено дејствување на сите општини и градот кои се заинтересирани за решавање на проблемот.

Во насока на стекнување на титулата „Европска зелена престолнина“ до 2021 год. и за да се оствари концептот на одржлив град, Градот Скопје презема соодветни мерки и прицroutine за спречување на загадувањето, создава заедништво помеѓу општеството, стопанството и екосистемите, валоризација на културната, економската и еколошката разновидност за обезбедување на сигурна и здрава средина за човекови интеракции, образование, вработување, рекреација, домување, стопанство и културен развој, дава поддршка на политиките и програмите што предвидуваат ефикасно користење природните ресурси и ги повикува останатите ентитети и субјекти за покренување иницијативи и преземање мерки за заштита и спречување од загадувањето.

Заштитата на околината подразбира и бара постоење на капацитети кои можат да вршат периодични мерења, за која е потребна посебна оппрема и стручен кадар.
Како индикатори кои треба да се пратат во рамки на делот за заштита за животната средина се:

- пораст на бројот на институции, организации и компании со воведен стандард ISO14000
- однос меѓу сеча и пошумување
- број на диви депонии
- количина на преработен / рециклиран отпад
- број на пациенти кои имаат проблем со дишните патишта
- број на денови во годината во кои водата и воздухот биле прогласени за загадени
- број на загрозени билни и животински видови
- број на извршени проверки на клучните аспекти за загадување на вода,почва и воздух итн

Во зависност од специфичноста на околината и поставените цели за заштита на животната средина, треба да се дефинираат клучните ризици и да се воспостави систем на следење на нивното движење.

Тоа е можно на ниво на локална заедница, а во случај на недостиг од капацитети за специфични мерења, можат да се ангажираат ресурси од други сектори (компании и организации кои се бават со оваа област), за да на долг рок се воспостават соодветни капацитети за ваквите мерења.

# 8. Имплементација, контрола, корективни мерки и ревизија на Стратегијата

Стратегијата за локален економски развој на Град Скопје е со траење во период од 4 години (2018-2021 година). За нејзиното имплементирање ќе се грижи Градот Скопје, односно Секторот за локален економски развој, заедно со другите сектори и општини во Градот.
За успешна реализација на Стратегијата, по нејзиното усвојување и стапување во сила, Градот Скопје ќе отпочне со реализација на дел од проектите предвидени со Акционен План, како и да ги целосно да ги дефинира потребните средства.

Во изработка на Стратегијата клучен дел имаше работата на работна група составена од сите чинители во град Скопје значајни за локалниот економски развој.

Во Стратегијата се вградени нивните перцепции за актуелната состојба во градот, нивните потреби и очекувања за поддршка и правци на развој, како и подготвеноста на Град Скопје да излезе во пресрет на нивните барања. Следењето на статусот на остварување на Стратегијата и Акциониот план ќе се реализира преку јасно определени и дефинирани улоги и одговорности на носителите и корисниците на конкретните мерки и активности, како и нивната обврска за давање на навремена повратна информација на одговорните за реализација на дефинираните активности и проекти, како и потребите за евентуални прилагодувања и промени на Стратегијата и Акциониот план. Носител на процесот на изготвување и реализација на Стратегијата и Акциониот план за локален економски развој за периодот 2018-2021 година, е Градот Скопје, односно Секторот за локален економски развој на Град Скопје.

Редовна ревизија и контола преку одржување на состаноци на квартално ниво на работната група под координација на Град Скопје, односно Секторот за локален економски развој, а под покровителство на градоначалникот на Град Скопје, се клучни за следење на реализацијата и имплементацијата на Стратегијата. За успешна имплементација на оваа Стратегија особено е важно

да се обезбедат потребните ресурси, а пред сè финансиски средства предвидени во Акциониот план. За таа цел, потребно е Градот да ги вметнува средствата потребни за реализација на проектите од Акциониот план во своите годишни буџети, а за 2018 година да изготви ребаланс на буџетот, со кој ќе се обебедат потребните средства наменети за реализација на проектите предвидени за 2018 година. Градот Скопје, имајќи предвид дека голем број од проектите во Акциониот план имаат повеќе извори на финансирање (заради неможноста на Градот да ги обезбеди сите потребни средства за реализација на целокупната Стратегија), потребно е проактивно, плански и во соработка на сите сектори во Градот, а под координација на Секторот за локален економски развој, Секторот за меѓународна соработка и Секоторот за финансии, да работи на изнаоѓање финансиски средства од други извори (домашни и меѓународни организации, развојни агенции, европски и други фондови, и др.) за реализација на оваа Стратегија. За секој од проектите наведени во оваа стратегија, Градот Скопје, после усвојувањето на стратегијата потребно е да објавува повици за изведувачи за секој поединечен проект вграден во Акциониот план.

Реализацијата на Стратегијата зависи и од надворешни и внатрешни фактори кои се од клучна важност за локалниот економски развој на град Скопје. Согласно тоа, потребите, приоритетите, мерките и активностите во стратегијата можат да трпат промени. Овие измени ќе бидат разгледувани и одобрувани на редовните квартални состаноци на работната група.

# 9. Акционен план

Наведените предлози проекти кои се составен дел од Акциониот план на Стратегијата за локален економски развој на град Скопје за периодот 2018-2021 год. се воспоставени со цел да имаат повеќекратни ефекти на краток, среден и долг рок.

Главна цел е поголем обем и квалитет на јавните услуги на локално ниво, насочени кон обезбедување стабилни услови за економска активност, поддршка на локалниот бизнис сектор, привлекување нови инвестиции, заштита на животната средина, подобрување на инфраструктурата и просторните функции на градот, како и на целокупниот животен стандард на граѓаните. Постигнувањето на ваквите цели подразбира доследна имплементација на концептот на ЛЕР.

Акциониот план содржи ориентационен преглед на приоритетните проекти (оценувани и бодувани проекти во однос на три аспекти и тоа - релевантност/ оправданост на мерката/ проектот, приоритет на мерката/ проектот, остварливост (можности) и предуслови за реализирање на мерката/ проектот, како и детална разработка на проектите според области, со утврдена и определена стратешка цел на која и припаѓа конкретниот проект, потоа краток опис, цел и целни групи, временска и финансиска рамка на предложените проекти.

# АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ЛЕР (2018 – 2021)

| **Предлози од стратешко значење за развојот на Град Скопје** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Цели,мерки и проекти** | Финална оценка / **ПРИОРИТЕТ** | **Краток опис Цел и целни групи /корисници (beneficiary)** | **Период на имплементација / временска рамка/ рокови** | **Очекувани резултати** | **Финансиска констр. (износ), трошоци за неопходни ресурси** |
| 1. Скопје – Smart City („паметен град“) | 18 | Стратешка цел:<br>Паметен град – модернизација на градот<br><br>Краток опис:<br>Глобализацијата, бурниот економски, технолошки, информатичко-комуникациски развој ја наметнуваат потребата големитеградови/општини да го применат концептот на smart city/smart community, кој во основа се базира врз нов начин на функцио-нирање и комуникација со граѓаните преку користење напредни информатичко-комуникациски технологии за максимално користење на ресурсите на општината, намалени трошоци, подобрување на квалитетот на животот и обезбедување подобриуслуги за граѓаните. | Континуирано до 2021 година | Подобрување на квалитетот на животот<br><br>Обезбедување на подобри услуги кон граѓаните<br><br>Оптимизирање на градските ресурси | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Во системот се вклучуваат информациски системи на локалните служби, smart city/smartcommunity, се промовира за користење на урбаната информатика и технологија за подобрување на ефикасноста на услугите.<br>ИКТ им овозможува на општинските власти да комуницираат директно со заедницата и општинската инфраструктура и да го следат она што се случува во општината, како се развива општинатаи како да се овозможи подобар квалитет на животот.<br>Примената на smart концептот ќе овозможи градоначалникот,Советот и администрацијата да комуницираат непосредно сограѓаните, а граѓаните, пак, ќе можат непосредно да се вклучат во работата на општината.<br><br>Во рамките на проектот за Smart City може да се унапредат следниве аспекти од функционирањето на градот:<br>- Паметен јавен превоз<br>- Паметно улично осветлување<br>- Паметно управување со сообраќај<br>- Паметен паркинг<br>- Паметно управување со отпад<br>- Паметно следење на квалитетот на воздухот<br>- Паметно решение за јавна безбедност<br>- Паметно изнајмување на велосипеди<br>- Паметна гратска контролна табла | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Цел:<br>Воведување и користење на напредни дигитални технологии во различни аспекти на ниво на Град Скопје, во насока на подобрување на квалитетот на животот и обезбедување на подобри услуги кон граѓаните.<br><br>Целни групи/ носители:<br>Сите граѓани на Град Скопје<br>Градот Скопје | | | |
| 2. Изградба на инфраструктура за комплекс СМАРТ СИТИ кај Скопски Саем | | Стратешка цел:<br>Паметен град – модернизација на градот<br><br>Краток опис:<br>Реализација на проект за изградба на инфраструктура за комплекс СМАРТ СИТИ кај Скопски Саем.<br>СМАРТ СИТИ ќе биде изграден во вид на мини град, во кој ќе бидат вклучени хотели, станбени објекти и трговски центар.<br><br>Цел:<br>Изградба на модерен деловен, стамбен и хотелски комплекс.<br><br>Целни групи/ носители:<br>Граѓани на Град Скопје<br>Град Скопје (60%)<br>Општина Гази Баба (40%) | 2019 – 2021 година | Зголемување на деловниот, стамбениот и туристичкиот потенцијал на Град Скопје | 3.000.000 ЕУР (2019 – 2021)<br>По 1.000.000 ЕУР годишно |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3. Бизнис пријателски општини | | <u>Стратешка цел:</u><br><u>Поволно деловно опкружување</u><br><br><u>Краток опис</u>:<br>Воведување на стимулативни мерки во вид на грантови, субвенции, кредитирање итн., а во насока на мотивирање на општините на Град Скопје за усвојувањето на стандардите и критериумите за бизнис пријателски општини.<br><br><u>Цел</u>:<br>Унапредување на условите за водење на бизнис на локално ниво во насока на зголемување на економски раст на локалните економии и привлекување на нови инвестиции.<br><br><u>Целни групи/ носители</u>:<br>Граѓани<br>Општини во Град Скопје<br>Град Скопје | Средина на 2019 година | Зголемен број на општини во Град Скопје успешно стандардизирани за Бизнис пријателски општини.<br><br>Зголемување на економски раст на локалните економии<br><br>Привлекување на нови инвестиции и отварање на нови бизниси на локално ниво | |
| 4. Функционална градска администрација и Јавни претпријатија | | <u>Стратешка цел:</u><br><u>Поволно деловно опкружување</u><br><br><u>Краток опис:</u><br>Со реализација на проектот „Паметен град“, Скопје ќе стане модерна престолнина, каде што основен двигател се напредните информатички технологии, со што и самата градска администрација ќе биде пофункционална и ќе се унапреди поврзаноста помеѓу јавните претпријатија, | Континуиран о до 2021 година | Обезбедување на подобри услуги кон граѓаните | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | во насока на подобрување на услугите кон граѓаните.<br>Ќе се овозможи системско прибирање на централизирано корисни информации, достапни и корисни за секој граѓанин.<br><br>Цел:<br>Обезбедување на ефикасни и ефективни јавни услуги, со целосен увид во перформансите на градската администрација.<br><br>Целни групи/ носители:<br>Граѓани<br>Град Скопје<br>Јавни претпријатија | | | |
| 5. Форуми и јавни дебати на ниво на г.Скопје, општини, сектори | | Стратешка цел:<br>Подобрување на квалитетот на животот и животниот стандард на граѓаните<br><br>Краток опис:<br>Да се воспостави редновна пракса на континуирана основа да се организираат форуми и јавни дебати на ниво на Град Скопје и Општините во Град Скопје.<br>Овие настани може да бидат тематски организирани и да покриваат поединечни сектори и области, по кои ќе се води дискусија, ќе се споделуваат ставови и мислења, во насока на дефинирање на конкретни потреби и мерки за локален економски развој.<br><br>Цел: | Континуирано до 2021 година | Подобар увид во потребите на локалната заедница<br><br>Непречена комуникација со сите засегнати чинители во насока на утврдување на конкретни потреби и мерки за локален економски развој, од различни сектори/ области. | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Организрање на форуми и јавни дебати, во насока на утврдување на конкретни потреби и мерки за локален економски развој, од различни сектори/ области.<br><br><u>Целни групи/ носители</u>:<br>Граѓани<br>Град Скопје<br>Општини на Град Скопје | | | |
| 6. "Центар на заедница на општина" | | <u>Стратешка цел:</u><br><u>Подобрување на квалитетот на животот и животниот стандард на граѓаните</u><br><br><u>Краток опис:</u><br>Активно вклучување на граѓаните во подготовка и усвојување на локалните политики,преку отворен пристап до локалната самоуправа, за да може секој граѓанин да даде конкретни предлози и мислења.<br><br><u>Цел</u>:<br>Вклучување на граѓаните во креирањето на локалните политики, со што истите ќе бидат изработени и спроведувани согласно реалните потреби и очекувања на граѓаните.<br><br><u>Целни групи/ носители</u>:<br>Граѓани<br>Град Скопје<br>Општини на Град Скопје | Континуирано до 2021 година | Нов модел на отворена и услужна локална самоуправа за сите<br><br>Креирање и спроведување на локалните политики, согласно реалните потреи и очекувања на граѓаните | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7. Развивање на меѓуопштинска соработка и креирање на културна политика за меѓуопштинска соработка | | Стратешка цел:<br>Поволно деловно опкружување<br><br>Краток опис:<br>Меѓуопштинската соработка опфаќа две или повеќе соседни општини кои работат заедно заради вршење општински административни задачи, испорачување јавни услуги до граѓаните и поттикнување локален развој преку поефикасно и поекономично вршење на надлежностите на општините утврдени со закон и за остварување на нивните заеднички интереси и цели.<br><br>Подигнување на свеста кај општините за потребата и придобивките од меѓуопштинската соработка.<br><br>Цел:<br>Унапредување на меѓуопштинска соработка и креирање на културна политика за меѓуопштинска соработка, во насока на поефикасно и поекономично вршење на надлежностите на општините.<br><br>Целни групи/ носители:<br>Граѓани<br>Град Скопје<br>Општини на Град Скопје | Континуирано до 2021 година | Поефикасно и поекономично вршење на надлежностите на општините<br><br>Обезбедување на подобри услуги кон граѓаните | |
| 8. Гасификација на град Скопје (секунд.мрежа) | | Стратешка цел:<br>Енергетика и енергетска ефикасност | Крај на 2019 година | Заштеда на електрична енергија | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Краток опис:<br>Скопје, во зимскиот период, е енормно загаден град, со загаденост неколкупати поголема од дозволената. Ова особено се должи на фактот што голем број домаќинства и стопански капацитети, за загревање на објектите, користат огревно дрво, нафта и отпадно масло, гуми, пластика и друго. Поврзувањето на домовите на градскиот гасовод, ќе ја намали употребата на горивата кои ја загадуваат животната средина.<br>План за гасификација на Град Скопје вклучува:<br>- Доизградба на примарната гасоводна мрежа во западниот дел на Град Скопје<br>- Изградба на секундарна гасоводна мрежа, приоритетно, за населбите од градот кои не се поврзани на централниот топлификациски систем<br>Цел:<br>Намалување на употребата на горивата кои ја загадуваат животната средина, а со тоа и намалување на загаденоста на Град Скопје, преку приклучување на домаќинствата и стопанските капацитети на гасоводна мрежа.<br><br>Целни групи/ носители:<br>Граѓани<br>Град Скопје | | Намалување на загаденоста во Град Скопје | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 9. Политика на третман на комунален отпад (селекција на отпад) | | Стратешка цел: Подобрување на просторни квалитети и функции на градот<br><br>Краток опис:<br>Заштитата на животната средина е приоритет на новите политики наградот. Планирано е воведување на подземните, вградени контејнери, со кои покрај чиста средина ќе се овозможи и селекција на отпадот за рециклирање.<br>Проектот ќе се реализира преку активности за подигнување на јавната свест за потребата од здрава и чиста животна средина:<br>чист воздух, намалување на отпад, воспоставување наменски ин-<br>дикатори за процена на ризиците за здравјето на децата од загадениот воздух, набавка на опрема за справување со биоразград-<br>ливиот отпад, подигнување на свеста за потребата од селекција на отпадот за негово понатамошно управување и сл.<br><br>Цел:<br>Налалување на загадувањето преку подигнување на свеста за соодветна селекција и правилно отсреанување на комуналниот отпад и негово понатамошно управување.<br><br>Целни групи/ носители:<br>Граѓани | Континуирано до 2021 година | Намалување на количеството на комунален отпад<br><br>Намалување на загаденоста на животната средина преку правилна селекција и третман на отпадот | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Град Скопје<br>Општини на Град Скопје | | | |
| 10. Соработка со неформални собирачи на отпад | | <u>Стратешки цели:</u><br><u>Заштита на животната средина и природата и подобрување на квалитетот на живот и животниот стандард на граѓаните</u><br><br><u>Краток опис</u>:<br>Вклучување на неформалните собирачи на отпад во формалниот систем за собирање и управување со отпадот во Скопје, во наока на унапредување на соработката во управувањето со отпадот. Формализирање на неформалните собирачи на отпад и нивно вработување, во организираниот систем за управување со отпад.<br><br><u>Цел</u>:<br>Подобрување на управување со отпадот, унапредување на центрите за собирање, селектирање и складирање на отпадот на ниво на Град Скопје.<br><br><u>Целни групи/ носители</u>:<br>Граѓани<br>Град Скопје<br>Неформалните собирачи на отпад | Почеток на 2019 година | Подобрено управување со отпадот<br><br>Унапредување на центрите за собирање, селектирање и складирање на отпадот на ниво на Град Скопје | |
| 11. Колекторски систем – филтри | | <u>Стратешки цели:</u><br><u>Заштита на животната средина и природата и подобрување на просторните квалитети и функции на градот</u> | 2018 – 2020 година | Прочистени отпадни води<br><br>Заштита на животната средина | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Краток опис:<br>Воспоставување на колекторски систем како интегрално решение за собирање отпадни води и нивно прочистување.<br><br>Цел:<br>Прочистување и третман на отпадните води.<br><br>Целни групи/ носители:<br>Граѓани на Град Скопје<br>Град Скопје | | | |
